## АКТУЕЛНО


Трамп пристигна во посета на Израел и палестинските територии


И покрај ладното време лицата со посебни потреби не се откажаа од кампување


Локални избори во Хрватска: Бандиќ со мала предност за Загреб

АРХИВА | КОНТАКТ | РЕДАКЦИЈА | МАРКЕТИНГ | ПРЕТПЛАТА | период од-до 2006 - 2017

Почетна | ВЕСТИ | КУЛТУРА | СПОРТ | МАГАЗИН

STB 953.20 -0.57 % STIL 88.00 -2.22 % TPLF 1,415.00 9.86 % UNI 1,359.00 2.95 % USJE 23,000.00 0.80 %

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ

Tweet Follow @UtrinskiVesnik Ми се допаѓа 0

24.07.2013, 17:01

# ПОРТИРОТ БОЖО Е МОЈОТ ЈУНАК



**Мајсторот на фотографија, Томислав Петернек кој го фотографирал Скопје неколку дена по земјотресот, вечерва на изложба во МАНУ ќе се претстави со 35 дела**

Катерина Богоева



„Бев во 1962 година во Скопје, ја фотографирав поплавата што ги погоди скопјаните, а потоа и земјотресот. Една година подоцна, во новонаправено училиште во градот ја отворив и својата изложба 'Скопјаните низ земјотресот и поплавата'. Мислам дека тоа беше и првата изложба во постземјотресно Скопје, а на отворањето го викнав и Божо, портирот од некогашниот хотел 'Македонија', кој е на моите фотографии и му ги подарив фотографиите од

ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- СЗО: ПОРАДИ ДЕПРЕСИЈАТА ГОДИШНО СЕ САМОУБИВААТ ПО 800.000 ЛУЃЕ
- ПОЛСКИТЕ ИЗДАВАЧИ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ АВТОРИ
- ИЗГЛАСАНА РЕЗОЛУЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА
- ВО НАЦИОНАЛНАТА ГАЛЕРИЈА ИЗЛОЖБА НА ГРАФИКИ ОД ИВАН МЕШТРОВИЌ
- СО ЕСКЛУЗИВЕН КОНЦЕРТ ВЕЧЕРВА ЌЕ БИДЕ ОТВОРЕНА НОВАТА МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

20° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Облачно

| ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ | ПЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 22 | 23 | 20 | 20 | 20 |
| САБ | НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ |
| 20 | 22 | 22 | 25 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

**Малиот Павел се пробуди од вештачката кома**

**Уставниот суд се премисли и ја симна забраната за барок на ГТЦ и МОБ**

**IN MEMORIAM: Почина д-р Ѓорѓи Ставриќ, основач на дијагностичката лабораторија за малигни болести**

земјотресот на кои беше и тој. Божо беше мојот јунак, што тој се преживеа и остана жив! Сега немам никакви информации каде е, дали сега, по 50 години од таа трагедија е жив. Би сакал секој кој знае нешто за него да ми јави", рече деновиве Томислав Петернек, познатиот мајстор на фотографија од Белград, кој пристигна во Скопје, а чија самостојна изложба на фотографии „Половина век сеќавања - засекогаш" ќе биде отворена вечерва во 21 часот во МАНУ. Портирот Божо тој првпат го запознал за време на земјотресот. „Видов луѓе како стојат околу една дупка од подрумот на хотелот 'Македонија' во која Божо беше заглавен меѓу некакви котли. Само му го слушавме гласот, а тоа за мене беше доволно бидејќи јас во новинарската работа увидов дека луѓето повеќе ја чувствуваат драматиката кога станува збор за еден човек и одлучив да направам приказна за неговото спасување. Посебно го фотографирав Божо правејќи ја воедно приказната за Скопје и за земјотресот. Цело време се враќав кај дупката, кај шахтата во која беше тој, прашував и фотографирав, така што можев и да видам дека на крајот доаѓаа и посебни рударски екипи да го спасат. Спасувачите паѓаа во несвест, а Божо остана жив. Неговото спасување мислам дека траеше три дена. Американците тие денови пратија воена полска болница и јас имав среќа да бидам таму во моментот кога го извадија мојот јунак и со него одев во болницата и таму ја ја направив последната фотографија со него додека прима инфузија. Кој знае дали е сега жив, беше постар од мене", вели Петернек, кој е роден во 1933 година и зад себе има богата фотографска кариера. Работел за повеќе весници, меѓу другите и за белградски НИН, за кој со гордост вели дека направил 700 насловни страници.

„Во Скопје деновите по земјотресот се дружев со новинарите и фоторепортерите на тогашниот весник 'Млад борец', а сега не се сеќавам ниту на едно име. Тие ми помогнаа и да ја направам и тогашната изложба и би сакал и некој од нив и да видам вечерва", рече Томислав Петернек, кој е и еден од авторите на првите фотографии на постземјотресно Скопје во кое дошол како фотограф на „Младост", весникот на Централниот комитет на младината на поранешна Југославија. „Тоа беше најдобриот период во мојот живот. Немаше да дојдам тогаш во Скопје да не работев во весник во кој немаше бирократија. Не морав да барам дозвола од уредникот да дојдам, туку го барав возачот да ме вози до аеродром. Тогаш навистина работев во редакција која знаеше да цени што ќе направите за весникот. На пример, три месеци чекав во Љубљана дали Тито ќе почине или не, и на крајот бев во Белград кога почина, но успеав како слеп патник да влезам во Синиот воз и да ги направам првите фотографии од пренесувањето на телото на починатиот Тито во возот. Но сега таквото новинарство е се' поретко. Јас сум задоволен што се занимавав со фотографија, но не би бил толку задоволен ако не ги образував младите генерации за фотографија", рече мајсторот на фотографијата, кој меѓу другото фотографирал и во војната во поранешна Југославија, почнувајќи од Вуковар, а завршувајќи, како што рече, со заминувањето на Србите од Косово.

„Веста за скопскиот земјотрес беше од радио и јас веднаш отидов на аеродром барајќи превоз и успеав со некоја владина делегација да летнам за Скопје. Морав да одам, дури и ако требаше да се фатам и за тркалата на авионот. Додека летавме го сликав Скопје и не ми изгледаше толку многу разурнато како кога слетавме. Но во моите писмени сеќавања за тој ден напишав дека во градот немаше големо лелекање. Се слушаа по некои гласови, довикувања со кои се бараше помош, се работеше со лопати, крампови, немаше поголема бука се' додека не дојде механизацијата. Прес-центарот ни беше во паркот каде што и спиевме во шатори, а првата вечер која за мене беше драматична, фотографирав како војници со помош на една лампа од акумулатор што ја ставија на урнатина извадија човек од урнатините. Јас се качив и го фотографирав тоа и таа фотографија најмногу ја испраќав по изложби во светот. Всушност, јас секогаш се обидувам да ја доведам работата до крај, да направам фотографска приказна, фотографски да ја заокружам. Во мојата колекција има многу серијали. Во 60-тите години на минатиот век во Белград го сликав кошаркарскиот натпревар меѓу „Црвена звезда" и „Реал Мадрид" и додека сите го сликаа натпреварот, јас ја сликав публиката. За тој серијал добив голема награда и тоа влезе во чешката, во француската енциклопедија на фотографија". Томислав Петернек вечерва ќе се претстави во МАНУ со 35 фотографии, кои Македонскиот центар за фотографија ги избрал од 43 фотографии кои тој ги понудил, а ги снимил во првите денови по земјотресот. Тој вели дека е задоволен што со ова изложба граѓаните на Скопје ќе се потсетат на деновите од трагедијата, но изрази и

Deutsche Welle
Северна Кореја: Секоја недела една ракета?
Договор за владата до крајот на неделава?
Пипа кажа „Да"

задоволство од постоењето и работата на Македонскиот центар за фотографија, напоменувајќи дека „тоа нам во поранешна Југославија не ни успеа“ „Кога и да ме повикаат јас секогаш ќе дојдам бидејќи навистина тој Центар е многу важен за историјата. Јас сите фотографии од вечерашната изложба ќе му ги подарам на Центарот како нивна документација, а да напоменам дека сум познат и по тоа дека не давам бесплатно фотографии“. На нашата забелешка дека веќе му ги дал на портирот Божо, со насмевка забележа: „Да, но Божо е посебна приказна во мојот живот“.

Тој од 1993 година работи како слободен уметник. Не завршил никакво школо за фотографија, од која бил фасциниран уште од дете, но работел како ментор на Институтот за новинарство во Белград каде што го основал и одделението за образование на фотографите што работат во весници. Добитник е на повеќе награди и признанија, познат и како автор на применета, рекламна, модна, но и на подводна фотографија. Во НИН беше и долгогодишен уредник на фотографија. Работеше и како акредитиран дописник при Министерството за информирање на поранешна Југославија од повеќе светски фотоагенции.

Статијата е прочитана 1479 пати.

Препорачај Види прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

ОСТАНАТИ ВЕСТИ

„Современост“ за писателот Христо Петрески
Оркестар, солисти и диригент од Кина на „Скопско лето“, за Денови на кинеската култура
Детската болница во Козле - сведок на солидарноста по земјотресот
Шекспир низ плакати во Битола
Концерт на Доменико дел Гуидиче, гитара и Цани Лорио, бандеон на „Охридско лето“
„Внатрешен премин“ - најнова книга на Анастас Ќушкоски



РЕДАКЦИЈА
ул. "Васил Ѓоргов" бр.16, четврти кат
Тел. 3236 900
Факс. 3236 901
E-mail: contact@utrinski.com.mk

© 2006-2014 Утрински весник, сите права задржани